























Get Adobe Reader



# СЛИКАР КОЈ НЕ ПОДНЕСУВАШЕ СТИЛОВИ И ЗАКОНИ



**Петар Мазев: Сликарот треба само да слика, да го исполни ателјето со слики и со чиста совест да се прости од својот свет. Кон последната изложба на големиот уметник**

**Пишува: Лилјана Мазова**

Памети ли некој, на пример само во Скопје, без разлика дали е кочан ладно или изгор топло, поголема гужва од онаа кога се создава на изложбите на сликарот Петар Мазев?! Вообичаена е сликата: колку почитувачи на неговото сликарство се внатре во просторот (без разлика колку бил голем), толку или повеќе останувaат надвор – нема место за сите што по којзнае кој пат одново сакаат да го сакаат Перо. И како човек и како сликар. Како живот и како приказна. Како вистина и како легенда во која е човек со неуморен творечки темперамент.

**НАВАЛИЦА** Истата слика/атмосфера се повтори и мината среда (12 мај, 2010) пред и во Музејот на Град Скопје. Иако настанот и немаше некој маркетинг, навалица од љубители/почитувачи на Перо како човек и Петар како сликар, беше иста како пред пет, петнаесет, дваесет, триесет или повеќе години. Од првата негова изложба до оваа засега последнава. Старите познавачи и новите љубопитници сега се со 23 слики од таканаречената „Бела фаза" на Петар Мазев (1927, Кавадарци – 1993, Скопје). Многу народ, многу вљубеници и почитувачи на Перо. Традиционално внатре од гужвата воздухот е прегреан, микрофоните не функционираат, а надвор пред Музејот уште толку луѓе кои не можеле да влезат. Сликите/сликарството на маестро Мазев секогаш биле настан кој докажувал дека е почитуван и сакан. Огромната посетеност и искажаната почит, воодушевеност, љубов кон уметникот и неговата творба, се повторуваат. И кога го имаше и кога го нема. Не е да го нема, го има многу во неговите недобројни слики во разни техники и од разни теми на нескротливиот темперамент и доследноста во возбудливиот дијалог меѓу состојбата на духот и колоритноста на јакиот спектар на боите.

Секогаш е тука – во својата слика. Ја гледаш и знаеш дека трае енергијата, радоста, љубовта, силината на неговата приказна искажана преку бојата. Во разни техники и циклуси/фази од неговата огромна сликарска приказна. Во неа е фактот дека е еден од најзначајните автори во модерната македонска уметност, експресионист кој создал свој фигуративен израз со силен колорит. Академијата за ликовни уметности во Белград ја завршил во 1953 година, истата станува член на ДЛУМ, почнува да учествува на групни изложби и следуваат неговите големи настани – самостојните изложби. Излагал во многу земји во светот, имал повеќе студиски престои во европските земји, професор е на Архитектонскиот факултет во Скопје, професор и еден од основачите на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Автор е на мурали и мозаици во јавни објекти и спомен објектот Илинден во Крушево и спомен коструницата во Велес... Добитник е на разни награди, а сега во негов спомен ДЛУМ доделува годишна награда за сликарство. Сликал дома на улицата „Орце Николов", дома во ателјето во Сарај, дома по манастирите и колониите во Македонија, дома на брегот на Дојранското Езеро...

Број 152




Број 151



Број 150




...



Првите слики ги работи во експресионистички манир, преминува на метафизичкото сликарство и му се посветува на нефигуративниот израз со карактеристики на геометризмот и на енформелот – популарен во тоа време меѓу уметниците во светот.

И пасионираните љубители на сликарската уметност, ама и оние кои не се тоа, ги сакаат сликите на Петар Мазев. На отворањето на изложбата „белата фаза" една вљубеничка во темата, потегот, бојата и творечката мисла на Мазев, беше искрена: би сакала да имам дневна соба во која ќе имам само една слика, на Петар Мазев и токму од овој циклус. Да, содржината, белината, спокојот, мешањето на старото со новото време се поттик за нов човечки поглед на светот и на себе самиот! Инспиративна е идејата на Перо Мазев: човекот со неговата судбина и неговиот немир. Па секој со себе и со сликата на Мазев да го дели животот.

**ОЧИ** Има приказни, особено оние што имаат тажен крај, кои, којзнае зошто, си ги чуваме во себе и за себе. Во сопствената меморија која, ако остане така, помалку или повеќе, избледува. Обидите нештата да се забележат, запаметат, да се сочуваат, немаат секогаш среќен крај. Така и во меморијата на мојот сега верен другар, некогаш електронското чудо од кое бегав а сега без него не поминува ниту еден ден или една ноќ, има и еден фајл со наслов Перо Мазев. Електронската меморија кажува дека е отворен во март 2003 година, Тоа е годината во која се одбележува првата деценија од физичкото заминување на легендата на македонското сликарство Петар Мазев. И, сосема е празен – бел. Не е тоа некоја моја „бела фаза". Напротив: фаза на немоќ, или на молк пред „белината на отворениот екран". Само малку порано ми ја подари големата слика. Ми рече дека е девојка-мачка. И од неа, како и од многу други слики на Перо, од каде и да ги гледаш, како и да им се приближуваш или оддалечуваш, те гледаат очи. Големи, јасни и секогаш ти раскажуваат нова приказна. Секогаш ја има приказната на Перо, а гледајќи ја неа, ти се одмотува твојата приказна. Онаа од тој миг. Никогаш ја нема старата/видената. Очите секогаш раскажуваат нова, најнова, со среќен или тажен крај.

Тие очи од сликите на темпераментниот, искрениот, чувствителниот, саканиот и секогаш готов да дарува Перо, сите заедно и сите одвоено, гледаат од ѕидовие на новите сопственици. Некои ги добиле од Перо, некои си ги купиле а потоа тој им подарил уште некоја, некои на некого по некаков повод им ги подарил... Најважно е да се има слика од Перо – како негова и твоја приказна во која секој си се препознава, радува, зборува, се среќава со другиот во себе. Сликата е спокојна а со долга приказна. Тревожна и со уште подолга приказна.

Во тој свет на Перо се пропаѓа длабоко. И многу блиско. Необично и секој со своја приказна.

Мојата е моја. Наша, меѓу многубројната фамилијарна лоза во Кавадарци. Петре и неговите синови Диме, Коце, Блажо, па нивната челад, на челадта на нивната челад, па челадта на нашата челад... Секој со својата човечка и работна приказна. Со своите слики... Имам и една црно-бела фотографија, од едно отворање на изложба на Перо во Даут пашиниот амам. Таа раскажува своја приказна. Прво Перо е во листер одело, а познат е по своите фармерки, блузи, дуксерки, маици, шалови, ѓубретарци... Среќни сме – три генерации: Перо, јас и Ивана. Фотографијата е на маестро Живко Јаневски, ми ја направи во голем формат. Драг спомен во споменарот на сеќавањата. Личен, ама по истекот на времето и со право на јавност.

**ОТКРИВАЊЕ** Еднаш Петар Мазев има кажано: ...По секоја фаза почнувам од нула. Промените кај мене се нормална состојба. Не поднесувам стилови и закони. Законите се кршат, стиловите се заборават. Чувствата остануваат непроменети со својата особина да се менуваат. Еве ви ја и мојата животна девиза: Сликарот треба само да слика, да го исполни ателјето со слики и со чиста совест да се прости од својот свет. Сликањето е најдобра професија ако е вака сфатена."

Тој свет е јарко обоен, ја раскажува авторовата приказна на разни теми. Ја има Македонија и во неа е вткаен супстрат на силни емоционални доживувања во кои се чувствува/доживува здивот на минатото со многу силна авторска експресија за времето во кое е. Чувството за апстрактен натурализам со разнородните материјали од кои од „ништо прави нешто" и многу повеќе од тоа, се светот во кој царуваат умот и четката на Перо. На платното, на панелот, на цртежот, со маслото, темперната боја или некои од нив помешани во нешто што го знае само Перо е суштината на изразот. Асоцијацијата се претвора во необично пластична слика во која заедно се вљубуваат и тој и оној што ја гледа, има или сака да ја има. Нежност и чувствителност.

Радоста од животот ја заменува тагата. Работи до последен здив. Така беше именувана и изложбата во 2005 година во МСУ, токму според последниот циклус на Перо „До последен здив". Создаден по последните две/три години од животот кој го поминува во „доброволна изолација" на брегот на Дојранското Езеро, во период на сопствено



задумување во средина во која е, и по суровата семејна драма – загубата на неговиот постар син, сликарот Константин Мазев. Тоа е негова авторска фаза за која се вели дека сликите се „градени со материја натопена со претчувство на трагедија, неизмерна болка и отсуство на иднина. Сликарските постапки ја следат линијата на душевно страдање на најочевиден начин.“ И сите раскажуваат нова приказна за човек и уметник кој со занес и ликовна ароганција го слика сонот за бескрајот и претчувството за скоро заминување...

**ЗА СЕБЕ** Искреноста кон сликарството и кон животот, е и љубопитство. Животот му носи сознанија, искуства, ставови што Петар Мазев ги споделувал со блиските и со јавноста. Секогаш имал свој став. Го кажувал, на многумина им се допаѓал, малкумина скришум (ама и тој да чуе!) му „лепеле“ етикети. По разни пригоди и поводи ги толкувал своите ставови, начела, искуства. Дел од нив се преобјавени во каталогот кон изложбата „До последниот здив“ во Музејот за современа уметност во Скопје, 2005).

Творецот мора да биде човек на своето време, да го следи и бележи неговиот ритам. Кога живеам во вакво време, не можам да сликам маса со четири јаболка туку ќе го сликам човекот со неговата судбина и немир. Не сакам романтика која во ова време е нереална и не му припаѓа. Пикасо ја сликал разрушената Герника. Доброто и злото постојат во нас, и нам, на творциге ни останува да се бориме против тоа зло.

Уметноста не е само израз на внатрешните чувства, туку, во исто време и копнеж за наука со која се пронајдува непредвидливото во себе. Многу ја сакам уметноста бидејќи таа му е верен пријател на творецот и на човекот. Со нејзина помош се решаваат многу проблеми од најразличен карактер. Јас тие проблеми ги барав преку уметноста и нејзините можности и тоа барање ме приближи до општите проблеми на моето време.



... Ако не се менувам имам чувство дека снагата на моите импресии стагнира, дека сликите се повторуваат и почнуваат да личат една на друга. Мислам дека никому не треба да му пречи ако во ист ден различно доживувам иста ситуација и сликарски различно ја изразувам. Ако зад тоа стои искрена и спонтана намера на уметникот, тоа не може да ја намали вредноста на неговото дело.

... Не ме интересира она вечерва, туку она утре. Не се вртам назад. Можеби мојот успех е во тоа што сите мои слики се дел од мене, имаат парче од мојата душа. Можеби мојот успех беше чиста среќа. Таа среќа често може да побегне од човекот. Сликите на Ван Гог не само што ја имаат неговата душа, тие се натопени со неговата крв, а сепак тој не го доживеа својот успех. Затоа, ќе повторам, времето е најсигурен критериум. Тоа ги поставува работите на нивното вистинско место.

... Моите платна, очевидно, покажуваат дека сум човек на македонското поднебје. Од друга сграна, јас сум уметник кој радознало открива што се случува на планот на светската уметност. Сакал или не, светлоста што грее над мене во ова поднебје зрачи од моите платна за секој што ги гледа. Не сакам да кажам дека само уметниците од светлите поднебја имаат привилегија за успех. Бојата на платната на еден Нордиец може да биде исто така интензивна и привлечна за гледачот, бидејќи таа светлост е негова. Под таа негова светлост постои и негово цвеќе, негово дрво, негова боја. ... Во животот постојат прилики во кои човек ги менува ставовите. Нив ги нарекуваме „виша сила“ Меѓутоа, во творештвото не дозволувам да има поголема сила од чувствата. Во естетиката се менувам само кога душата ќе ми проговори.

## РАСТЕЊЕ НА СВЕТЛИНАТА

Соња Абаџиева, историчарка на уметноста, ликовна критичарка, во каталогот кон изложбата „Белата фаза“ на Петар Мазев, како нејзин куратор и како континуиран проследувач на неговиот опус, меѓу другото заклучува дека сликите од „белата фаза“, се создадени од 1960 до 1966 година и со времето

константно добиваат на вредност. Абаџиева ? пишува:

... Во овие дела Мазев прави соединување на фрагменти од порти, ѕидови, тавани, фрески и икони од цркви или манастири избришани од времето, кои ги сместува – монтира во одредена шема или организација... Неговата „бела фаза", како ниедна негова друга пред и потоа, е мозаик од цитати од детството, од свети амбиенти и предмети, од апсобрција на манастирските ентериерни/екстериерни структури на едно нагласено поминато време и нивна трансформација во модерни проекти преку Мондријановиот систем.

Факт е дека делата од „белата фаза" на Мазев се многу сложени конструкти во кои влегува и традицијата, но тука е содржана и моќта на вивисекција на актуелното чувствување на времето и материјата: да се каже нешто друго, без да се зборува за традицијата. Енформелот на Мазев е едновремено и висока точка на постигната ликовна слобода, поврзана во исто време за естетиката на убавото и на грдото. Авторот не твори во време кога може драстично, радикално да се оддели од феномените на националното и од убавото, а сака да го запознае универзумот на грдото, грубото, рустичното, со еден протест кон утврдените кодови. Значи, најкоректната критичка аксиологија за овој случај би била состојба на амбигвитет.

## МОЕТО МЕНУВАЊЕ СУМ, ВСУШНОСТ, ЈАС

... Кога денес ги гледам овие слики си спомнувам на сите подробности сврзани со секоја од нив. На тоа какви чувства имав кога ги сликав. Се сеќавам на секој потег од четката, како сега тие да излегле од мене. Белината на овие слики ме потсетува на детството, на моето Кавадарци варосано бело за Велигден. Таа белина од моето детство подоцна во животот ја сретнав по македонските манастири, па затоа некои слики од „белата фаза" се со црно или кафено парче од манастирската порта. Порано оваа своја фаза најмалку ја сакав. Ми се чинеше дека по својата природа не сум толку нежен и чувствителен како што се покажува во неа. Затоа и престанав да сликам бело. Знам дека тогаш се прашав: Зарем сликарството не е боја? И го оставив белилото, го побарав интензитетот на бојата, најсилните тонови од секоја боја... Поминав од една крајност во друга. Оваа голема изложба ќе му овозможи на гледачот да сфати дека моето менување сум, всушност, јас", објаснува Петар Мазев во едно интервју во мај 1990 година, по отворањето на изложбата со слики од „белата фаза".

Глобус 2007. Сите права задржани.

Powered by nextsense webBuilder